Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

# Извадок на дел дневните настани 09.11.2022

На 08.11.2022 во 23.50 часот, полициски службеници од СВР Куманово, по наредба од Основен суд Куманово, го лишиле од слобода Д.А.(32) од с.Умин Дол, кумановско, кој бил баран со потерница за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Кшање за издржување на казната.

На 08.11.2022 во Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид го лишиле од слобода З.И.(41) од Охрид. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, дигитална вага и други предмети. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.11.2022 во 10.30 часот на подрачјето на Карпош - Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ч.(29) од Скопје. при претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.11.2022 околу 02.30 часот на улица „Браќа Ѓиновски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар лишиле од слобода 15-годишен малолетник од Република Албанија поради сомнение дека на подрачјето извршил повеќе кражби и тешки кражби во куќи. Притоа, кај него биле пронајдени и одземени повеќе предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од овие кражби. Тој е задржан во Полициската станица Гостивар за расчистување и документирање на случајот.

На 08.11.2022 во 10.00 часот, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода С.М.(44) од Велес. Тој се сомничи дека на 05.11.20222 околу 22.40 часот на ул. „8-ми Септември" во Велес со употреба на алат се обидел да изврши „тешка кражба" од трафостаница на ЕВН, но не успеал. Притоа, настанала експлозија откако се обидел да исече кабли. Лицето е приведено во полициската станица во Велес и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветна пријава.

На 08.11.2022 околу 22.15 часот во Блок 82 во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Е.Р.(19), Л.Ц.(19) и 15-годишен малолетник од Тетово затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и нож. Тројцата се задржани во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.11.2022 во 22.30 часот на подрачјето на Чаир-Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.А.(23) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка со остатоци од марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (08.11.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 199 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволеното 12 санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, две за возач почетник. Изречени се три мерки за користење мобилен телефон при возење, 22 санкции за прекршоци што ги чинат пешаците, 15 мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), една санкција за некористење сигурносен појас...

Во текот на вчерашниот ден (08.11.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 227 возачи. Од нив осум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 101 возач ја пречекорил брзината во населено место, а 126 надвор од населено место.

На 08.11.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 37 прекршоци, од кои 20 надвор од населено место и 17 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 19 други видови на прекршоци, од кои 5 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 3 за возач почетник, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 5 за непрописно паркирање.

На 08.11.2022 во 16.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локалниот пат од место викано „Мала Река" кон с.Горно Количани, скопско, четирицикл со скопски регистарски ознаки, управуван од 17-годишна малолетничка од Скопје, излетал од патот и паднал во провалија. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле малолетничката и сопатникот С.С.(29) од Скопје, констатирани во Градската општа болница „Св. Наум Охридски" и Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 08.11.2022 во 18.00 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека на бул.„Маршал Тито" во Струмица, патничко моторно возило „тојота" со струмички регистарски ознаки, управувано од И.В.(22) од село Моноспитово, струмичко, удрило во пешакот И.У.(38) од Струмица. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 08.11.2022 во 11.25 часот во СВР Тетово, Д.Т.(36) од тетовско Радиовце пријавил дека неговата малолетна ќерка во селото била касната од куче скитник.

На 08.11..2022 во 13.40 часот во Полициската станица Кичево, Б.Г.(32) од Кичево пријавил дека на улица „Ибе Паликуќа" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 08.11.2022 во 19.30 часот во Полициската станица Центар, М.Н.(21) од Струмица пријавила дека на Плоштад „Македонија" била касната од куче скитник.

Денеска (09.11.2022) во 10.30 часот на ул.„8" во нас.Кисела Јабука-Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода И.Д.(48) од Скопје. Тој бил осуден на шест години казна затвор за сторено кривично дело „криумчарење на мигранти" по член 418 од Кривичниот законик, а бил баран по централна потерница по наредба на Казнено-поправната установа Затвор Идризово за доиздржување на три години и четири месеци од казната. Лицето ќе биде спроведено во казнено-поправната установа за доиздржување на казната.

Денеска (09.11.2022) во 14.55 часот на ул.„Костурски Херои" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.Б.(23) од с.Копаница, општина Сарај. Тој бил баран по централна потерница по наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување затворска казна за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежна казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 08.11.2022 околу 22.00 часот на подрачје на Аеродром, полициски службеници од Оддлението за криминалистички работи Аеродром и Драчево при СВР Скопје ги лишиле од слобода М.Б.(22) и 16-годишен малолетник, двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека на 07.11.2022 околу 20.30 часот во населба Лисиче-Скопје со закана со тврд предмет од малолетник од Скопје одзеле лични предмети. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Вчера (8 ноември) во 17 часот и 30 минути преку ЦУК-Тетово во СВР Тетово, Ф.Н.(24) од Куманово пријавил дека движејќи се со С.Ф.(28) од Белгија, негов пријател, кон Титов Врв, околу половина километар пред да се искачат, С.Ф. паднал од карпа во бездна и се повредил, но дека поради непристапниот терен и маглата Ф.Н. не можел да види за какви повреди станува збор и практично да му помогне. Набргу по пријавувањето беше организирана спасувачка потрага по двете лица во која учествуваа екипи на МВР, ЦУК, СВР Тетово, ТППЕ Тетово и други лица, кои со специјални теренски возила и хеликоптер се упатиле на посоченото место. По извесно време спасувачките екипи го пронашле Ф.Н. и го пренеле во тетовската Клиничка болница за укажување на лекарска помош, а двајца припадници на МВР се повредиле во акцијата. С.Ф., денеска (9 ноември) претпладне беше пронајден починат и со хеликоптер на МВР беше извлечен од местото каде паднал вчера. Јавен обвинител и екипа од СВР Тетово извршија увид и се расчистува и документира случајот.

На 08.11.2022 во 15.05 часот во СВР Битола, Н.Ј.(44) од с.Средно Егри, битолско, пријавил дека во парцела во атар на с.Гермијан, општина Новаци, пронашол стара граната. Полициски службеници од СВР Битола извршиле увид, а од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Битола гранатата била безбедно подигната за понатамошна постапка и било констатирано дека се работи за артилериска граната калибар 120 мм од Првата светска војна.

На 08.11.2022 во 21.00 часот, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Ѓорче Петров при СВР Скопје извршиле службен разговор со М.Т.(67) од Скопје затоа што околу 14.30 часот со воздушна пушка пукал кон мачка домашен миленик, сопственост на Ф.Л.(22) од Скопје. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.11.2022 во 07.30 часот во Полициската станица Кисела Вода било пријавено дека пред болница на подрачје на Кисела Вода, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Р.(39) и К.С.(42), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.11.2022 во 22.58 часот во Полициската станица Аеродорм, Г.П.(44) од Скопје пријавил дека околу 22.55 часот на паркинг на подрачје на Аеродром, по претходно недоразбирање околу паркинг, бил физички нападнат од Д.Т.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.11.2022 во 21.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, 32-годишен маж од Скопје пријавил дека неговата сопруга И.П., со која е во бракоразводна постапка, физички го нападнала нивниот малолетен син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.11.2022 во 13.02 часот во Полициската станица Чаир, Н.И.(57) од Скопје пријавил дека околу 13.00 часот, додека управувал автобус на линија 47 А, на автобуска станица на подрачје на Чаир бил физички нападнат од О.М.(18) и уште три лица, сите од с.Љуботен, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.11.2022 во 08.23 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред влез во подрумските простории на основно училиште во с.Сопиште, скопско, биле пронајдени траги од крв. Полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода извршиле увид и бил подигнат примерок за вештачење. Досега нема пријавено повредено лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Н.К.(45) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторени пет кривични дела „тешка кражба'' и три кривични дела „тешка кражба'' во обид. Пријавениот, во текот на август и септември 2021 година и во март 2022 година, на подрачје на СВР Струмица ги извршил делата, што било потврдено од извршените увиди во домовите на оштетените граѓани, вештачењата направени од пронајдените материјални траги и предмети и од видео материјалот од безбедносните камери.

ОВР Кочани поднесе кривична пријава против Б.Ј.(36) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 10.10.2022 во Кочани, пријавената со употреба на сила спречила судски доставувач при достава на службени материјали, по што физички го нападнала и со остар предмет му го оштетила возилото.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.А.(35) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „измама". Во периодот од 06.09.2022 до 24.09.2022, пријавениот лажно се претставувал на две лица од тетовско и од Гостивар како менаџер на фирма од Струмица, при што барал понуди за набавка на роба и материјали. На овој начин ги доведувал во заблуда оштетените и со лажно прикажување на факти се стекнал со противправна имотна корист од околу 147.000 денари.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.И.(63) од с.Пирок, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење''. Во септември 2022 година, пријавениот во својство на инвеститор во с.Пирок, на место викано „Венешта" изградил потпорни ѕидови без да поседува соодветна дозвола за градба издадена од општина Боговиње.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет